ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 54 став (1) точка 1) потточка 1.20 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Северна 101/25 и 135/25) и член 22 од Правилникот за утврдување на цени за топлинска енергија и системски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.225/23 и 153/24), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на хх јули 2026 година, донесе

# **О Д Л У К А**
## **за определување на регулиран максимален приход за вршење на регулирана дејност производство на топлинска енергија и тарифен став за 2026 година на Друштвото за производство на топлинска енергија ЕСМ Производство на топлина ДООЕЛ Скопје**

1. Регулираниот максимален приход за вршење на регулираната енергетска дејност производство на топлинска енергија се одобрува да изнесува 1.499.928.595 денари и за произведена количина на топлинска енергија од 322.572.639 kWh.

2. Врз основа на одобрениот регулиран максимален приход од точка 1 на оваа одлука, и согласно Тарифниот систем за продажба на топлинска енергија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.65/19, 219/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.19/22, 197/22 и 226/23), се утврдува висината на месечниот надоместок и тарифен став за производство на топлинска енергија и тоа:

| **РЕГУЛИРАН ПРОИЗВОДИТЕЛ НА ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА** | **единица мерка** | **од 01.08.2026 година** |
|---|---|---|
| Месечен надоместок за системски услуги и системска резерва | ден/месец | **28.170.516** |
| Тарифен став за произведена топлинска енергија на регулиран производител | ден/kWh | **3,6019** |

3. Месечниот надоместок и тарифниот став од точка 2 на оваа одлука ќе се применуваат за грејната сезона 2026/2027 година.

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија, а се применува од 1 август 2026 година.

## **О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Друштвото за производство на топлинска енергија ЕСМ Производство на топлина ДООЕЛ Скопје, (во понатамошниот текст: ЕСМ Производство на топлина ДООЕЛ Скопје), согласно Правилникот за утврдување на цени за топлинска енергија и системски услуги (во понатамошниот текст: Правилник), до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика), достави Барање за одобрување на регулиран максимален

приход и цена за 2026 година бр.05-470/4 од 22.05.2026 година, заверено во архивата на Регулаторна комисија за енергетика со УП1 08-240/26 од 28.05.2026 година.

Кон барањето, ЕСМ Производство на топлина ДООЕЛ Скопје ја достави потребната документација согласно Правилникот.

Регулаторната комисија за енергетика, согласно член 21 од Правилникот на 8 јуни 2026 година го објави известувањето во врска со Барањето на ЕСМ Производство на топлина ДООЕЛ Скопје на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика.

Во рокот утврден во објавеното известување до Регулаторната комисија за енергетика не беа доставени мислења и предлози од страна на заинтересирани правни и физички лица.

Во согласност со Правилникот, Регулаторната комисија за енергетика со Решение број 02-xxx/1 од 16 јули 2026 година свика подготвителна седница на која предмет на разгледување беше Предлог Одлуката за определување на регулиран максимален приход за вршење на регулирана дејност производство на топлинска енергија и тарифен став за 2026 година на Друштвото за производство на топлинска енергија ЕСМ Производство на топлина ДООЕЛ Скопје.

На 21 јули 2026 година се одржа подготвителна седница на која беа поканети: членовите на Регулаторната комисија за енергетика, претставници од ЕСМ Производство на топлина ДООЕЛ Скопје, ЕСМ Дистрибуција на топлина ДООЕЛ Скопје, ЕСМ Снабдување со топлина ДООЕЛ Скопје, АД ЕСМ – Подружница Енергетика, ЕНЕРЏИ ЕКОЛИНК АД – Скопје, ТЕ-ТО АД Скопје, претставник од АД АДОРА, претставник од кабинет на Претседател на Владата на Република Северна Македонија, Градоначалник на Град Скопје, Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини, Министерство за финансии, претставник од Комисијата за заштита на конкуренција, претставник од Стопанска комора на Северна Македонија, претставник од Стопанска комора на северо-западна Македонија, претставник од Сојуз на стопански комори на Македонија, претставник од Организација на потрошувачи на Македонија, како и претставник од Советот за заштита на потрошувачите на РСМ.

**Податоци од Барањето**

Барањето на ЕСМ Производство на топлина ДООЕЛ Скопје е поднесено во согласност со Правилникот и ги содржи следните податоци:

| Р.бр. | О П И С | 2026 година |
|---|---|---|
| 1 | Оперативни трошоци | 337.208.022 |
| 1.1 | Трошоци за материјали, енергија, резервни делови и ситен инвентар | 134.183.022 |
| 1.2 | Трошоци за тековно одржување | 36.715.000 |
| 1.3 | Трошоци за осигурување | 7.900.000 |
| 1.4 | Бруто плати | 113.583.592 |
| 1.5 | Менаџерски плати и награди | 1.416.408 |
| 1.6 | Други услуги | 29.072.000 |
| 1.7 | Останати и вонредни трошоци | 14.338.000 |
| 2 | Амортизација | 36.592.443 |
| 2.1 | Амортизација за сопствени средства | 2.579.198 |
| 2.2 | Амортизација за средства под закуп | 34.013.245 |
| 3 | Принос на регулирани средства | 38.864.237 |

| | | |
|---|---|---|
| 3.1 | Принос на сопствени средства | 385.442 |
| 3.2 | Принос на средства под закуп | 38.478.794 |
| 3.3 | WACC | 5,24% |
| 5 | Надоместок за системски услуги и системска резерва | 412.664.701 |
| 6 | Трошоци за гориво | 1.222.480.398 |
| 9 | Обртен капитал | 12.224.804 |
| 10 | Пренесени трошоци | 1.262.417 |
| 11 | К фактор | -87.478.376 |
| 12 | Регулиран максимален приход | 1.736.110.697 |
| 13 | Произведена/планирана количина на топлинска енергија | 319.993.547 |

**Анализа на Регулаторна комисија за енергетика**

Регулаторната комисија за енергетика во согласност со Правилникот започна постапка и изврши анализа на доставените податоци и информации од Барањето на ЕСМ Производство на топлина ДООЕЛ Скопје за вршење на регулираната дејност производство на топлинска енергија. При анализа на доставените податоци од Барањето, Регулаторната комисија за енергетика го утврди следното:

**Надоместок за системски услуги и системска резерва**

Надоместокот за системски услуги и системска резерва за 2026 година е презентиран во следната табела:

| Р.бр. | О П И С | 2026 година |
|---|---|---|
| 1 | Оперативни трошоци | 229.037.192 |
| 1.1 | Трошоци за материјали, енергија, резервни делови и ситен инвентар | 124.965.450 |
| 1.2 | Трошоци за тековно одржување | 2.611.862 |
| 1.3 | Трошоци за осигурување | 2.529.403 |
| 1.4 | Бруто плати | 79.948.834 |
| 1.5 | Менаџерски плати и награди | 1.416.408 |
| 1.6 | Други услуги | 9.910.310 |
| 1.7 | Останати и вонредни трошоци | 7.654.925 |
| 2 | Амортизација | 36.592.443 |
| 2.1 | Амортизација за сопствени средства | 2.579.198 |
| 2.2 | Амортизација за средства под закуп | 34.013.245 |
| 3 | Принос на регулирани средства | 48.445.210 |
| 3.1 | Принос на сопствени средства | 480.463 |
| 3.2 | Принос на средства под закуп | 47.964.747 |
| 4 | Надоместок за системски услуги и системска резерва | 314.074.846 |

Регулаторната комисија за енергетика имајќи го во предвид Правилникот оперативни трошоци за регулираниот период 2026 година ги утврди на следниот начин:

- Трошоците за материјали, резервни делови и ситен инвентар се утврдени соодветно на остварените во 2025 година зголемени за инфлација за 2026 година,
- Трошоците за тековно одржување се пресметани врз основа на остварените во 2025 година зголемени за инфлација за 2026 година,
- Трошоците за осигурување се пресметани врз основа на остварените во 2025 година зголемени за инфлација за 2026 година,
- Трошоците за бруто плати се утврдени согласно утврдените за 2025 година зголемени за инфлација за 2026 година,
- Трошоците за менаџерски плати и награди се прифатени согласно барањето,
- Трошоците за други услуги се утврдени согласно одобрените за 2025 година зголемени за инфлација за 2026 година,
- Останатите и вонредните трошоци се пресметани врз основа на утврдените за 2025 година зголемени за инфлација за 2026 година.

Амортизацијата на сопствените средства и амортизацијата на средствата под закуп се прифатени согласно податоците од барањето.

Приносот на сопствените средства за дејноста производство на топлинска енергија е пресметан за постојните средства и примена на WACC. Вредноста на сопствените средства за дејноста производство на топлинска енергија и приносот е прикажана во табелата подолу.

| **Вредност на сопствени средства** | | |
|---|---|---|
| Р.бр. | Опис | 2026 година |
| 1 | RAB start | 7.670.369 |
| 2 | Планирани инвестиции во текот на годината | 1.950.000 |
| 3 | Амортизација | 2.579.198 |
| 3 | RAB end | 7.041.171 |
| 4 | Просечен RAB (RABave) | 7.355.770 |
| 5 | WACC | 6,53% |
| 6 | Принос | 480.463 |

Приносот на средствата за кои вршителот на дејноста производство на топлинска енергија има право на користење, е пресметан за постојните средства и примена на WACC. Вредноста на средствата за кои вршителот на дејноста производство на топлинска енергија има право на користење и приносот е прикажана во табелата подолу:

| **Вредност на средства под закуп** | | |
|---|---|---|
| Р.бр. | Опис | 2026 година |
| 1 | RAB start | 736.052.831 |

| | | |
|---|---|---|
| 2 | Планирани инвестиции во текот на годината | 30.573.000 |
| 3 | Амортизација | 34.022.395 |
| 4 | Оттуѓени, расходувани и повлечени од употреба средства во текот на годината | 9.150 |
| 5 | RAB end | 732.603.436 |
| 6 | Просечен RAB (RABave) | 734.328.133 |
| 7 | WACC | 6,53% |
| 8 | Принос | 47.964.747 |

Пресметката на просечната пондерирана цена на капиталот (WACC) е прикажана во следната табела:

| **Р.бр** | **ОПИС И ОЗНАКА** | **Износ** |
|---|---|---|
| 1 | Сопствен капитал (%) | 60,00% |
| 2 | Долгорочен долг, Debt (%) | 40,00% |
| 3 | Цена на долг, Kd (%) | 5,21% |
| 4 | Стапка на поврат без ризик, Rf (%) | 2,12% |
| 5 | Цена на сопствен капитал, Ke (%) | 6,67% |
| 6 | Бета фактор неприлагоден | 0,32 |
| 7 | Бета фактор прилагоден | 0,51 |
| 8 | Премија за ризик, MRP | 8,89% |
| 9 | Стапка на данок на добивка, Tp (%) | 10,00% |
| **10** | **Пондерирана просечна номинална цена на капиталот пред оданочување, WACC (%)** | **6,53%** |

Структурата на капиталот е применета согласно Правилникот.

Вредноста на цената на долгот, Kd(%) е пресметана врз основа на долгорочните каматни стапки на денарските кредити во 2026 година објавени од страна на Народната банка на Република Северна Македонија.

Цената на сопствениот капитал претставува збир на стапката на поврат без ризик што претставува три годишен просек од стапките на поврат без ризик на Сојузна Република Германија со период на доспевање од 10, 15 и 30 години и Премијата за ризик на Република Северна Македонија која согласно податоците од базите на Дамодаран од 1 јануари 2026 година изнесува 8,89% врз чија вредност се применува прилагодениот Бета фактор. Бета факторот неприлагоден се однесува на волатилоноста на сопствениот капитал карактеристична за секторот на услужни дејности во развиените пазари кој согласно податоците од базите на Дамодаран од  јануари 2026 година изнесува 0,32. Бета факторот прилагоден се добива како функција на Бета факторот неприлагоден и соодносот на долгот наспроти сопствениот капитал.

**Трошок за гориво**

Предвидениот трошок гориво за производство на топлинска енергија за 2026 година изнесува 1.161.882.397 денари за произведена 322.572.639 kWh топлинска енергија.

Потрошената количина на природен гас за производство на топлинска енергија во периодот јануари - април 2026 година изнесува 206.520.048 kWh, со вкупна набавна вредност од 606.578.508 денари за произведени 185.860.005 kWh топлинска енергија.

Прогнозираната количина на природен гас која ќе се потроши за период октомври-декември 2026 е пресметана да изнесува 136.712.634 kWh, при што прогнозираната цена за набавка на природниот гас е 3,6012 ден/kWh, согласно фјучерсите на TTF берзата од 13 јули 2026 година, со вклучени трошоци за пренос, балансирање и маржа, со што прогнозираниот трошок за набавка на природниот гас изнесува 555.303.888 денари. Во грејниот период октомври – декември 2026 година се прогнозира да се произведе количина на топлинска енергија во износ од 136.712.634 kWh, при што учеството на топланите во вкупната потребна енергија е прогнозирана согласно барањето.

Во следната табела се прикажани одобрените и прогнозираните месечни набавни цени на природниот гас на регулираниот производител и цените на природниот гас со вклучени трошоци за пренос, балансирање и неутралност за 2026 година:

| Месец | Набавна цена на ПГ | Цена на ПГ со вклучени трошоци за пренос, балансирање и неутралност |
|---|---:|---:|
| јануари | 2,3745 | 2,5757 |
| февруари | 2,3623 | 2,5420 |
| март | 3,0484 | 3,2369 |
| април | 3,1323 | 3,3039 |
| октомври | 3,3973 | 3,6512 |
| ноември | 3,3533 | 3,6059 |
| декември | 3,3376 | 3,5897 |

За периодот јануари-април 2026 година податоците се согласно на реализацијата од учесниците на пазарот, а за периодот октомври-декември цената е прогнозирана согласно фјучерсите на TTF берзата со вклучени трошоци за пренос, балансирање и маржа.

Степенот на ефикасност на топланите за 2026 година при користење на природниот гас како погонско гориво со горна топлинска моќ за период јануари-април е утврден да изнесува 90,0% а за периодот октомври-декември 2026 година е прогнозиран да изнесува 88,7%.

**Пренесени трошоци**

Пренесените трошоци за 2026 година се утврдени на ниво од Барањето и истите изнесуваат 1.262.417 денари.

**Обртен капитал**

Обртниот капитал за 2026 година е пресметан да изнесува 11.618.824 денари, односно 1% од трошокот за гориво за 2026 година.

**Фактор на корекција**

Факторот на корекција за дејноста регулирано производство на топлинска енергија за 2025 година за друштвото ЕСМ Производство на топлина ДООЕЛ Скопје изнесува -256.213.128 денари. Друштвото има и преостанат фактор на корекција од претходните години во износ од

211.852.683 денари, со што вкупниот фактор на корекција изнесува -44.360.445 денари.

При пресметката на регулираниот максимален приход за дејноста регулирано производство на топлинска енергија за 2026 година, применет е 1/4 од вкупниот фактор на корекција во износ од -11.090.111 денари, а останатиот дел од факторот на корекција во износ од -33.270.334 денари, Регулаторната комисија за енергетика ќе го има во предвид при носење на следните одлуки за цени.

Регулираниот максимален приход остварен од вршење на енергетската дејност регулирано производство на топлинска енергија за 2025 година, повторно пресметан со признаени вредности, наместо прогнозирани ($MARK_{2025}$) изнесува 1.100.063.980 денари.

Остварениот приход за 2025 година ($R_{2025}$) согласно доставените податоци од Бруто билансот на претпријатието изнесува 849.929.129 денари.

Оперативните трошоци за 2025 година за цели на факторот на корекција се утврдени на следниот начин:

- Трошоците за материјали, резервни делови и ситен инвентар се утврдени на нивото на остварените во годината,
- Трошоците за тековно одржување се утврдени на нивото на остварените во годината,
- Трошоците за осигурување се утврдени на нивото на остварените во годината,
- Трошокот за бруто плати е утврден за 85 извршители имајќи го во предвид соодносот во образовната структура на вработените и соодветно остварената просечна бруто плата во 2025 година,
- Трошоците за менаџерски плати се утврдени на нивото на остварените во годината,
- Трошокот за останати и вонредни трошоци е утврден на нивото на остварените во годината со исклучок на трошокот за регрес за годишен одмор кој е признаен соодветно на бројот на вработени согласно кој е утврден износот на бруто плати за 2025 година.

Трошокот за амортизацијата на сопствените средства и средствата под закуп е признаен соодветно на податоците од сметководствената евиденција.

Приносот на сопствените средства и на средствата под закуп е задржан на ниво утврдено со одлуката од 2025 година.

Пренесените трошоци се утврдени на ниво на остварените во годината.

Просечната пасивна каматна стапка, објавена од Народната банка на Република Северна Македонија изнесува 2,43% за 2025 година.

Трошокот гориво за производство на топлинска енергија за 2025 година е утврден да изнесува 891.114.079 денари за произведена 253.669.590 kWh топлинска енергија.

Потрошената количина на природен гас за производство на топлинска енергија во 2025 година изнесува 286.126.882 kWh.

Одобрената цена на природен гас за периодот јануари – април 2025 година е добиена како просечна месечна продажна цена на горивото на пазарот во Република Северна Македонија, согласно на доставените податоци од учесниците на пазарот со природен гас. За периодот октомври – декември 2025 година е согласно на реализацијата.

Степенот на ефикасност на топланите при користењето на природниот гас како погонско гориво со горна топлинска моќ за 2025 година е одобрен согласно реализација.

Пресметката на регулираниот максимален приход остварен од вршење на регулирана енергетска дејност производство на топлинска енергија за 2025 година, повторно пресметан со признаени вредности, наместо прогнозирани ($MARK_{2025}$), е презентирана во следната табела:

| **р.бр.** | **Опис** | **2025 година** |
|---|---|---|

| | | Одлука 2025 година | $MARK_{t-1}$ ЕСМ Производство |
|---|---|---|---|
| 1 | Оперативни трошоци | 209.562.014 | 220.290.482 |
| 1.1 | Трошоци за материјали, енергија, резервни делови и ситен инвентар | 103.187.038 | 120.159.087 |
| 1.2 | Трошоци за тековно одржување | 3.353.945 | 2.511.406 |
| 1.3 | Трошоци за осигурување | 7.950.000 | 2.432.118 |
| 1.4 | Бруто плати | 76.570.458 | 76.873.879 |
| 1.5 | Менаџерски плати и награди (1 менаџер) | 1.636.416 | 1.424.343 |
| 1.6 | Други услуги | 9.529.144 | 9.529.144 |
| 1.7 | Останати и вонредни трошоци | 7.335.013 | 7.360.504 |
| 2 | Амортизација | 35.355.539 | 35.183.959 |
| 2.1 | Амортизација за сопствени средства | 2.506.995 | 2.527.851 |
| 2.2 | Амортизација за средства под закуп | 32.848.544 | 32.656.108 |
| 3 | Принос на регулирани средства | 49.460.427 | 49.460.427 |
| 3.1 | Принос на сопствени средства | 794.352 | 794.352 |
| 3.2 | Принос на средства под закуп | 48.666.075 | 48.666.075 |
| 4 | Надоместок за системски услуги и системска резерва | 294.377.980 | 304.934.868 |
| 5 | Пренесени трошоци | 916.509 | 1.030.234 |
| 6 | Трошоци за гориво | 1.015.986.182 | 891.114.079 |
| 7 | Обртен капитал | 10.159.862 | 8.911.141 |
| 8 | К фактор | 105.926.341 | 105.926.341 |
| 9 | Регулиран максимален приход | 1.215.514.192 | 1.100.063.980 |
| 10 | Произведена/планирана количина на топлинска енергија (kWh) | 297.391.663 | 253.669.590 |

Со примена на овие елементи согласно Правилникот, Регулаторната комисија за енергетика утврди вкупниот регулиран максимален приход за вршење на регулираната енергетска дејност производство на топлинска енергија се одобрува да изнесува 1.499.928.595 денари.

Имајќи го предвид горе наведеното се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против оваа одлука, може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на нејзиното објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

**УП1 Бр.08-240/26**

**Претседател**
**на Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад**
**на Република Северна Македонија**

**Ацо Ристов**

**хх јули 2026 година**
**Скопје**